Николај ОВЧАРОВ (Република Бугарија)

# ИЕРОМОНАХ МИСАИЛ И ПРЕРОДБАТА ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА НА XIX ВЕК

Повеќе од десет години ги проучувам цртежите и натписите-графити од црквите и од манастирите во Република Македонија. Комбинирани со другите наративни извори, тие претставуваат, досега, незаменливи извори за историјата.[1] Особено се интересни претходните епохи, XIV-XV век и XVIII-XIX в. Во тој однос, како впечатлив се покажа манастирот “Св. Архангели” од с. Кучевиште, Скопско, чија црква ја проучував кон крајот на 1996 г.

Овој важен манастир се наоѓа на околу 15 км. северно од Скопје, во планината Скопска Црна Гора. Црквата “Св. Архангели Михаил и Гаврил” е изградена кон крајот на XIV век. Спомната е во записи од 1623 и 1624 година. Во 1701 година делумно е преживописана, а истото е забележано во специјален текст.[2] Како архитектура храмот претставува крстокуполна црква со две странични конхи. Градежниот материјал е од камен и тули, во стил encadré и од opus mixtum. Во ѕидовите се вградени декоративни глинени чинијки. Зачуваниот живопис ги содржи циклусите од животот на Христос и на Св. Богородица, илустрации на Васеленските собори, исправени фигури на светци.[3]

Меѓу фреските на ѕидовите се напишани многу натписи, оставени од монаси, поклоници и посетители на храмот. Најстар е текстот на некој Гаврил, кој се потпишал во јуни 1654 година. Интересни се уште записите на Насте казанџијата од 1800 година и на протосингелот Аџи Исаја, дојден од Синајскиот манастир во 1818 година. Меѓу откриените текстови има еден натпис, со важно историско значење.[4]

Графитот е составен од седум редови (не го земам предвид вториот датум, меѓу првиот и вториот ред, што е направен од друга рака и подоц-

---

[1] Н. Овчаров. Проучвания върху Средновековието и по-новата история на Вардарска Македония. София, 1994; История и археология на Вардарска Македония през XIV в. София, 1996.

[2] Љ. Стојановић. Стари српски записи и натписи,. I-VI. Зборник за историју и књижевност Српског народа, СКА. Београд, 1902-1926. No. 6638, 6650, 2089.

[3] Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, I, Скопје, 1979, 86.

[4] Епиграфски и историски натписите се разгледани подробно во: Н. Овчаров. Епиграфски паметници от Вардарска Македония. - Старини, 1999, 1, 84.

на). Натписното поле е со димензии 0,17/0,17 м. Текстот е поставен правилно, редовите се скоро рамни, буквите се добро испишани, со височина 0,005–0,025 м. Постојат скратувањата на вториот, третиот, четвртиот, петтиот и на седмиот ред, но никое од нив не е одбележано со специјална црта над редот. Еве како се оформува смислата на тоа интересно известување:

1836
(1864)[5]
иер(о)мо(нахъ) тетовацъ
кога. едевъ ꙋ ма(на)
стиръ придов ин(о)къ
Мисаил ермона(хъ)
тетовацъ
ꙋ ѕ(д)равн.

Од текстот се гледа јасно дека во 1836 година во манастирот "Св. Архангели", како монах дошол иеромонахот Мисаил, роден во Тетово. Имено, станува збор за Мисаил, а не Михаил, како што изгледа на прв поглед. Тоа име е потврдено повеќепати во ракописи од реонот на Долни Полог, во кој се наоѓа и Тетово.[6]

Одгатнувањето на овој впечатлив натпис-графит, треба да почне од еден запис во ракописот бр. 238 од Хлудовата збирка во Државниот историски музеј во Москва. Еве го неговиот текст, приспособен кон современиот правопис:

"Сїе житїе иже во светих ѡтца нашего Григориа архиепископа ѡмиритскагѡ во декемвриа ѳ҃ı (19) денъ. Биша два листа искинати и ïѕгꙋблени ѡт ѕачалото и бретохмо во дрꙋго житие и го преписа Арсениа иеромонах его рꙋкою при игꙋмена Мисаила ïеромонаха дечанца бивши настоѧтелъ во манастиръ храмъ Светихъ архангелъ Михаилъ и Гаврилъ и прочи беѕплотнихъ во Скопска епархиа во Черниа гори, више село Кучовище во времѧ Гаврïла митрополита скопскаго и ꙋ времѧ честитаго Абѕи пашꙋ тꙋрскаго вери 1843, 28 ианꙋариа, ꙋ денъ. Мисаило игꙋменъ со братиами его Арсениа иеромонахъ, Ѕахариа диаконъ, Атанасиа монахъ, Маринко ꙋченикъ игꙋменовъ, Иоанъ диакъ игꙋменовъ. Ѡвиа вси биша родомъ ѡт Тетово, тꙋрски Калканделе."[7]

Како што се гледа, во текстот се истакнува дека во 1843 година се препишани и се дополнети два откинати листа од Житието на Св. Григориј Омиритски, завршено во 1581 година. Делото е создадено од

[5] Овој датум го одредувам со резерва, затоа што е добиен подоцна.

[6] Б. Цонев. Опис на славянските ръкописи в Софийската народна библиотека, I, София, 1923, 510.

[7] Й. Иванов. Български старини из Македония. София, 1970, 102.

иеромонах Арсениј, во манастирот “Св. Архангели” кај с. Кучевиште, кога таму бил игумен поранешниот дечански иеромонах Мисаил. На крајот на записот Арсениј специјално подвлекува дека, тој, игуменот и уште четворица од манастирот биле од заеднички просветен центар и сите биле родени во Тетово.

Овде се доближуваме до една значајна појава во културниот живот на Македонија од првата половина на XIX в. Станува збор за интелектуалната група, оформена околу тетовскиот книжевник Кирил Пејчинович. За да станат појасни подробностите неопходно е да истакнам некои податоци за неговата дејност.[8] Заедно со Хаџи Јоаким Крчовски, Кирил Пејчинович е несомнено водечката личност на Преродбата во Македонија. Тие се личностите што ги издале првите печатени книги, по зборниците на Софрониј Врачански. Кирил Пејчинивич е роден во с. Теарце, крај Тетово, околу 1770 година. Тој учи кај Хаџи Јоаким Крчовски во дебарскиот манастир “Св. Јован”. Во својот долг живот тој престојува во Хилендарскиот манастир, во кичевскиот манастир “Св. Богородица Пречиста”, цели десетлетија е игумен во Марковиот манастир “Св. Димитрија”, крај Скопје (1801-1818). Негово животно дело е обновата на манастирот “Св. Атанасиј” крај Тетово, каде што останува игумен до крајот на својот живот, во 1845 година.

По многу перипетии, Кирил Пејчинович, издава две печатени книги: *Огледало*, Будим, 1816, и Книга глаголемаѧ оутѣшенїе грѣшнымъ, Солун, 1840. За разлика од Хаџи Јоаким Крчовски, тој пишува публицистички, вложувајќи изразен личен однос. Преродбеникот критикува остро, поучува, го изложува своето искуство.

За него е карактеристично високото самочувство. Освен двете печатени книги и разните преписи на стари ракописи, Кирил Пејчинович многу сака да прави кратки записи по страниците на книгите и по ѕидовите на црквите што ги посетувал. А. М. Селишчев изброил 20 такви негови потписи.[9] Неодамна, кон познатите текстови се приклучи уште еден натпис од ѕидот на црквата “Св. Димитрија” во Марков манастир.[10]

Околу Кирил Пејчинович постепено се формира група од соработници и ученици. Според повеќето записи познати се: монахот Методиј Авраам, монахот Тимотеј, Серафим, Милош монах, Рафаил монах, Трпе

---

[8] На ова прашање е посветена значајна научна литература, на пример Б. Пенев. История на новата българска литература. III, София, 1933, 344-370: Български възрожденски книжовници от Македония. Избрани страници. София, 1983, 44-60; История на България, V, София, 1985, 160-161 и таму цитираната литература. Сепак, по мое мислење, најдобар опис е направен од А. М. Селишчев, откаде што ги црпам и основните податоци: А. М. Селищев. Полог и его болгарское население. София, 1929, 130-198.

[9] Пак таму, 162-164.

[10] Н. Овчаров. Надписите от в. в Марков манастир до Скопие и политическият възход на кралете Вълкашин и Марко. - Старобългаристика. 1995, 3, 33.

ѓакон, Силвестер, кој го наследува по неговата смрт како игумен на манастирот “Св. Атанасиј”. Меѓу нив се разоткрива името на најблискиот пријател и соработник, иеромонахот Арсениј.

Тој, исто така е од с. Теарце и е роден околу 1803 година. Некое време е ѓакон во Слепченскиот манастир кај Прилеп, а во 1830-1841 година учествува во обновата и во оживувањето на манастирот “Св. Атанасиј”. Како информација за неговиот животен пат е многу важна книгата *Диоптра* од XVI век (Хлудова збирка, бр. 66). Таа била лична сопственост на Арсениј, во која ги запишувал поважните настани. Последниот запис е од 1850 година и според него може да се претпостави дека монахот умрел нешто подоцна.

Арсениј бил весел и надарен човек, кој препишувал и илустрирал книги. Себе се нарекувал “будалетинка” во смисла на шегобиец, мајтапчија.[11] Досега се познати три негови ракописи. Едниот е препис од Житието на кнез Лазар, создадено од Кирил Пејчинович. За оваа статија се особено важни другите два труда. Првиот се веќе спомнатите страници од Житието на Св. Григориј Омиритски (1843 година). Во следната, 1844 година, Арсениј е пак во манастирот во Кучевиште. Таму ја напишал морализаторската творба “Седмогрешник”, во која, со текст и со цртежи се осудуваат смртните гревови. Од авторскиот запис јасно се заклучува дека имало блиски врски меѓу тетовскиот манастир “Св. Атанасиј” и манастирот “Св. Архангели” кај Кучевиште.[12]

Записот од 1843 година сведочи дека во овој манастир во близината на Скопје работи цела група книжевници од Тетово. Тие се задржале долго време таму, под раководство на игуменот Мисаил, исто така од Тетово. Последниот се покажал како трета личност од опкружувањето на Кирил Пејчинович. За тоа имам доволно податоци. Тие го осветлуваат неговиот животен пат.

Новооткриениот натпис-графит е личен потпис на иеромонахот Мисаил од времето кога тој дошол во манастирот “Св. Архангели”, во 1836 година. Јазикот во текстот на белешката е карактеристичен за македонските области и за времето во кое настанала. Глаголите се во аористна форма, 3 л. ед. и наоѓаат аналогии во творбите на Кирил Пејчинович и на Арсениј (ραζγмѣвъ, видофъ, простивъ).[13] Предлогот оү е употребуван во неговото основно значење за насочување на движењето и поретко

---

[11] Во Минеј од 1623 г., погребан пред манастирот “Св. Атанасиј”, Арсениј си прави автопортрет и под него напишува: “Ѡва є Арсенїа бꙋдалината Теаречка” Во истата книга тој го насликува Кирил Пејчинович и под лицето напишува: Кνрилъ ѡт Теарцє, Аризановъ мꙋчителъ (се има на ум ученикот на Кирил Пејчинович, Харизан, кој вечно бил накажан од него), види А.М. Селищев. Цит. дело, 156-157, 195.

[12] Пак таму, 195-196.

[13] Пак таму, 304.

за состојбата во која се врши дејството (ꙋ ꙁдрави – на здравје).[14] Што се однесува со прекарот Тєтовац, така се нарекува себе си Кирил Пејчинович во записот од 1807 година во Иловачката крмчија, од 1292 година. Интересно е дека таму јасно се акцентира неговото потекло од Тетово. Прекарот дури се одделува од самото име.[15]

Пронајдениот натпис може да се поврзе со други спомнувања за Мисаил, на кои претходните проучувачи не им свртиле доволно внимание. Во записот од 1843 година се вели дека, тој е поранешен монах од манастирот Дечани во областа Косово.[16] Оваа информација се споредува со дел од оригиналот на "Огледало" од Кирил Пејчинович, што се чува во софиската Народната библиотека "Св. Кирил и Методиј", под. број 2895. Во неотпечатените први страници од 1831 г. е даден список на спомагателите и точно таму е споменато името на "Мисаилъ їеромонахъ от манастиръ Дечански."[17]

Како четврта позната дата од неговиот живот се означува 1854 година во бр. 200 на "Цариградски весник" од 20. XI. 1854 година кога е публикувана статијата на Ј. Х. Константинов за манастирите во околината на Скопје. Важно внимание му е посветено на манастирот во Кучевиште "Св. Архангели". "Єгꙋмено се ꙁове Мисаилъ, человѣекъ благообраꙁенъ и многотрꙋдникъ, все еднако ꙁа монастиръ–о се старае."[18]

Очигледно, тогаш Мисаил веќе бил во прилично напредната возраст. Со тој податок се исцрпуваат познатите податоци за него. По однос на подоцна вклучената дата во написот-графит, ќе си дозволам да кажам една хипитеза. Текстот за доаѓањето на Мисаил во манастирот е врежан на видно место во црквата и им бил добро познат на монасите. Најверојатно е дека тој починал 1864 година. Таа година подоцна е запишана од раката на некој негов соработник.

Во секој случај, иеромонахот Мисаил од Тетово ни се претставува како впечатлива личност меѓу дејците на Преродбата во Македонија. Друг важен момент при проучувањето на неговата биографија е можноста да се утврди последователноста на игумените што го управувале манастирот "Св. Архангели" во Кучевиште. Во тремот на црквата имало натпис-графит, кој јас не го видов, но кој е забележан од Ј. Иванов. Таму е споменат игуменот Макариј, кој го раководел манастирот во 1776 година. Во спомнатите неотпечатени страници на "Огледало" како спо-

---

[14] Тука интересни се некои примери од јазикот на Хаџи Јоаким Крчовски "оꙋ жалость, оꙋ мѫки, оꙋ чисто покаанїе" види Р. Цойнска. Езикът на Йоаким Кърчовски. София. 1979. 248.

[15] Й. Иванов. Цит. дело. 123.

[16] На апсолутно истиот начин, во 1805 г. е одбележан монахот Теодосиј од Лесновскиот манастир - "прежде бивши Дечанацъ", види Й. Иванов. Цит. дело. 171.

[17] Пак таму, 101.

[18] Българска възрожденска интелигенция. София. 1988. 426; Цариградски вестник. IV, No. 200/20. XI. 1854 - статијата е напишана на 1. XI. 1854 г.

магател во 1831 година е наведен “кѹчевишки игѵмен Іеротеј.”[19] Веројатно, негов наследник станал Мисаил, за време на истиот манастирот влегува во новото време.



Новооткриен натпис-графит во црквата “Св. Архангели” во манастирот во Кучевиште

[19] Й. Иванов. Цит. дело, 100, 130.



Запис на Арсениј во книгата од 1581 година.
Хлудовска збирка, No. 238.

Nikolaj Ovcarov

## HIEROMONK MISAIL AND THE REVIVAL DURING THE FIRST PART OF XIX CENTURY
(Summary)

This supplement deals with one very important inscription, which was discovered by the author in 1996, in the monastery "St. Archangel", near the v. Kuceviste, on the month Cma Gora, north from Skopje.
The inscription is an evidence for the arriving of the hieromonk Misail who very quickly became an abbot. During the second and the third quarter of the XIX century, he run with the monastery, gathering around him many learned persons. All of these persons came from Tetovo and were included in the literary group which was formed by Kiril Pejcinovic. Along with other less known sources it is clear that abbot Misail together with the hieromonk Arsenij were the closest assistants of Kiril Pejcinovic. The monastery "St. Archangel" became important center for the teachers from Tetovo where a lot of books had been translated and transcribed. In respects of these the role of Misail is very remarkable, because in some way he was the patron of the young revival culture.